mk@eu

# СВЕДОШТВА ЗА
# ЕВРОПСКАТА УНИЈА



Европската унија има две лица - среќно и тажно. Среќно за сите можности што Европската унија ги дава: слободни граници и ефтино патување; збогатување на личноста преку запознавање на туѓата култура и размената на вредности; можноста секој да си го оствари сонот, да креира, да започне бизнис; да се грижи за некој дел од природата.

Тажното лице е за сите пријатели и роднини кои одлучиле да ја побараат среќата на некое друго место; за долгите редици на доктори, експерти, специјалисти кои ја напуштаат државата; за политичарите кои се „загубија" во овој нов Елдорадо.

Членството во Европската унија ти дава шанса да ги запознаеш разликите и да се преиспиташ себе си, луѓето и заедницата околу тебе, како и општеството и државата што ги нарекуваш твои.

Моите лица на ЕУ имаат многу форми. Искористете ја шансата и најдете вашето.

*Лаура Лауберга Николова*
**(Laura Lauberga Nikolova)**
Република Латвија

mk@eu

Пред четири години се качив, по пра пат во мојот живот, на авион и заминав на, по моите очекувања, краток пет месечен престој во Данска. За време на мојот престој, преку програмата ЕРАЗМУС, запознав многу луѓе кои доаѓав од различни европски држави и во тој момент ми стана јасно дека во животот нема да можам да останам и да живеам само во една држава.

Досега имам пропатувано во повеќе европски држави, сум имала момчиња од четири различни националности и можам да навивам и да кажувам пцости на речиси сите европски јазици. Нешто што постојано го преживејувам е дека се чуствувам како дома насекаде каде што одам и можам да се спријателувам со сите луѓе што ги среќавам. Повеќе немам предрасуди и стравови, а напротив сум далеку поотворена за уште нови европски искуства. Мојата помала сестра има момче од Словачка и поминува многу од времето надвор чуствувајќи се како дома. Целото мое семејство се преобразуваат во поголеми европејци.

**Аисте Пилечкоите (Aiste Pileckyte)**
Република Литванија



Откако паметам за себе патувам по Европа. Кампување во Холандија со татко ми; на риболов во Норвешка со дедо ми; долги пијанки со пријателите во Германија. Никогаш не ми се досадиле патувањата, ниту пак запознавањето со нови луѓе, пробувањето на нова храна и нови активности.

Чуствувам како во последната декада Европа ми се доближи мене. Мојата девојка е литванка, мојот сосед е ирец, а мојата мачка е словачка и сето тоа ми изгледа совршено нормално.

Сега се наоѓам пред комлетно ново европско искуство – наоѓањето работа. Иако пазарот на работан сила во Данска не изгледа така лошо, сепак добро е кога знаеш дека секогаш има нови можности, токму благодарение на Европската унија.




mk@eu

Троелс Хофбек
(Troels Hoffbeck)
Кралство Данска

mk@eu



Да се биде членка на Европската унија беше основно за мојата држава и тоа на неколку нивоа. По скоро 50 години на затворено, диктаторско владеење, на Португалија очајно и требаше да се отвори кон светот, на социјално, културно, политичко и секако, економско ниво. Соработката со нашите европски партнери и овозможи на земјата да ги прошири хоризонтите, учејќи нови идеи и концепти и примајќи ги повторно од некогаш заборавените вредности.

На економско ниво, европските фондови и овозможија на Португалија да ја изгради потребната инфраструктура за да биде компетитивна земја и за да може да привлече странски инвестиции. На пример, пред да се приклучи на Европската унија, Португалија имаше малку повеќе од 100км автопат; сега има речиси 3000км.

За мене лично, европското државјанство ми овозможува многу предности. Слободата на движење е дефинитивно најголемата предност, но има и други, како многуте програми за размена на млади промовирани од Европската унија. Тие им даваат можност на младите од целиот континент да се поврзат, да разменуваат искуства, да учат од другите култури и начините на гледање на светот.

Јас учествував во неколку различни програми што ми овозможија да патувам во повеќе земји во Европа и да запознавам луѓе со сосема различни културни позадини; овие искуства ме збогатија како личност и сигурно ме направија поотворена и потолерантна личност.

**Андре Мануел Муреира ду Вал**
**(André Manuel Moreira do Vale)**
Република Португалија

mk@eu



Јас сум Французинка, потекнувам од Бретања, но се чувствувам Европејка. Се чувствувам Европејка зошто Европа е местото каде што ми е добро, каде можам да патувам колку што сакам и да ги посетам моите пријатели насекаде на континентот. Ми се допаѓаат разликите во јазиците, народите, историјата, културата... Ова е едно од најбрилијантните работи на Европската унија. Ова е причината поради која многу ја сакам Европа. Европа која сè повеќе ја гледам како Европска унија. Институциите и екомонските цели остануваат, но континент сè повеќе се обединува.

Европската унија е како некој ексклузивен клуб: да се биде внатре е многу добро дури практично, жално е да се биде надвор од него. ЕУ е како замок со превисоки ѕидови за искачување. Навистина е тешко да се влезе во ЕУ, но напорите за пристапување навистина вредат за придобивките од членството.

Сè на сè, за да уживаме во позитивните страни на Европската унија не треба да ги прифаќаме одлуките веднаш; најпрвин мора да знаеме што сакаме, да ја разбираме ЕУ, само така ќе бидеме вистински европски граѓани.

Беатрис Андре
(Beatrice Andre)
Франција

mk@eu

Отсекогаш сум била дел од Европската унија и навистина не ми е едноставно да ги опишам сите придобивки од животот како државјанин на ЕУ. Од една страна, веројатно би требало да започнам со можноста да се образувам во сите држави членки и да добијам унифицирана и насекаде признаена универзитетска диплома. Во продолжение секако придобивка е имањето отворени граници и слобода да патувам во сите држави-членки и притоа да имам намалени трошоци поради постоењето на единствена валута. Слободата да имам сметки во повеќе банки во повеќе држави-членки, да купувам недвижности, да се вработам каде сакам.

Од друга страна создавањето на Европската унија ни даде ново законодавство и стандарди заеднички за сите држави-членки и можност да влијаеме повеќе во светот. Особено сум среќна поради можноста да влијаеме за подобра заштита на природата.

Инес Шмит
(Ines Schmidt)
Сојузна Република Германија



mk@eu



Членството во Европската унија се покажа како суштински елемент за потврдување на политичката, економската и социјалната модернизација на мојата држава. Европската унија и овозможи на Шпанија да се врати назад на меѓународната сцена откаде што беше подолго отсутна и покрај нејзината глобална историја и култура.

**Хозе Игнасио Торебланка**
**(José-Ignacio Torreblanca)**
Кралство Шпанија

mk@eu



Да се биде државјанин на Европската унија, наспроти можноста да се биде државјанин на една единствена држава е како да можете да отворите мноштво на врати со само еден клуч, наместо да носите цела низа клучеви. Она што е далеку позначајно е дека заедничките правила кои важат во сите држави-членки создаваат можности за сите лица кои истите ги уживаат. Сите можат да го прават она што ги чини среќни, да работат, да патуваат, да учат и притоа можат да се чувствуваат сигурни во непроменливоста на истите правила.

**Јулија Александра Томова**
**(Юлия Александра Томова)**
Република Бугарија

За мене има две главни придобивки од Европската унија. Првата, а можеби и позначајната е дека во последните 50 години, во мојата држава, немаше повеќе воени конфликти. Јас сум французинка, но моето семејство потекнува од еден германски пограничен регион кој во минатото беше редовно разрушуван од војните кои се водеа во Европа. Сметам дека Европската унија помогна многу за мирот и меѓусебното разбирање помеѓу народите во Западна Европа по Втората светска војна, иако оваа соработка во почетокот не беше толку едноставна за прикажување помеѓу поранешните непријатели.

Второто големо достигнување, според мене, е слободата да се живее и студира во било кое место во Европа. Бидејќи имам само 21 година, не се сеќавам на граничните контроли кои постоеле во минатото кога со родителите патуваме во некоја од соседните држави. Унијата ми ја даде можноста да го откријам светот, да бидам поотворена за прифаќање на другите култури. По едногодишниот престој во Германија, како студент, добив можност да ја откријам Македонија благодарејќи на програмата за волонтерска размена поддржана од Европската комисија. Во овој момент живеам во Скопје, заедно со моите европски колеги од Литванија, Летонија, Чешката Република, Португалија, Шпанија, па дури и Исланд. Заеднички ја откриваме и уживаме во Македонија, а притоа учиме нешто повеќе за нашите европски соседи. Секој ден, сè повеќе сум вчудоневидена од културното богатство во Европа, од ова мало парче земја.



Марго Рајс
(Margot Reis)
Франција

mk@eu

Најголемата добивка за мојата држава од членството во Европската унија е што сега е дел од заедница на стабилност, демократија и безбедност.

Членството во Европската унија за Бугарија имаше значителен позитивен ефект за економијата бидејќи им дава на компаниите значителна компетитивна предност.

Некои од поволностите се особено видливи – укинувањето на граничните контроли ги намали трошоците на бизнисите и го забрза движењето на стоките и луѓето во Унијата.

Сепак, Бугарија е сѐ уште надвор од Шенген, што значи дека неможеме да да патуваме и да работиме слободно во сите држави-членки.

**Иван Ѓуров**
**(Иван Гюров)**
**Република Бугарија**



mk@eu



Европската унија ми ја даде можноста да запознавам многу луѓе од различни држави кои подоцна станаа мои пријатели. Единствениот пазар и авиокомпаниите кои летаат во ниски цени ми овозможија редовно да ги посетувам и на тој начин да запознаам многу градови како Лондон, Париз и Берлин. Сепак, најзначајната придобивка од Европската унија за мене е мојата девојка Андреа, германка, со која во последните четири години го живеам европското искуство.

**Алберт Переда Мигел**
**(Albert Pereda Miguel)**
Кралство Шпанија



Каде да почнам? Почисти реки и безбедна храна? Стотици илјади нови работни места или бескрајни нови патишта? Стабилна и јака валута, или еднаква плата за жените и мажите?

Веројатно треба да започнам така што ќе речам дека членството во Европската унија значеше потврдување на реформскиот процес и модернизацијата на мојата држава. Членството во Европската унија значеше и стабилизирање на наша- та демократија и отворање кон светот. Ова, како и слободата на движење придонесоа за разрешување на проблемите, војните и омразата на минатото и поради тоа сум горд што сум државјанин на Европската унија.

**Жорди Вакер и Фанес**
**(Jordi Vaquer i Fanés)**
**Кралство Шпанија**

Да се има пасош на држава-членка на Европската унија во некоја смисла значи да се имаат привилегиите кои ги имаат државјаните на Соединетите Американски Држави кои можат да патуваат од Аласка на север до границата со Мексико, вклучувајќи ја и Канада.

Како државјанин на Обединетото кралство отсекогаш сум можел да патувам ширум цела Европа (на исток, на запад, на север и на југ) и во најлош случај ми беше потребно да имам виза за некоја од дестинациите зад Берлинскиот ѕид. Членството во Европската унија го промени сето тоа. Со нашиот црвен пасош на Обединетото кралство има малку места на планетата кои не можеме да ги посетиме. Членството во Европската унија значи поголемо почитување за сите нејзини државјани, поголема вредност за нашите пари, поголема вредност за еврото, поголемо учество и влијание во меѓународните односи.

Подобрување беше почувствувано и во трговијата и кај стандардите. По пристапувањето во ЕУ сите тендери за големи јавни набавки мораа да бидат објавени во сите држави-членки и да ги вклучат компаниите кои работат таму. Ова значеше подобрување на услугите, особено во железничкиот транспорт, бидејќи сега во Обединетото кралство на главните линии во железничкиот транспорт оперираат издржливи и квалитетни возови кои потекнуваат од Германија, Франција и Италија. Техничките стандарди беа хармонизирани, ДИН и британските стандарди на пример, а функционира и станува се позначајна и Меѓународната организација за стандардизација ИСО.



Како резултат на тунелот под каналот Ла Манш, француските граѓани сега веќе за Лондон говорат како за својот втор дом. Ние од Обединетото кралство за возврат го сметаме Париз за наш втор дом. Најновите планови предвидуваат проширување на мрежата на експресни возови во Обединетото кралство, за 5 нови линии кои сообраќаат со 400 км на час, а речиси повеќе од сигурно е дека на истите ќе оперира француската железница ТГВ.

Дејвид Спенсер
(David Spencer)
Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

Во само неколку зборови за Европската унија еве листа на предности од членувањето во клубот:

1. Како државјанин на Европската унија патувањето е полесно;

2. И студирањето во странство е полесно ако сте државјанин на ЕУ;

3. Членувањето во ЕУ го поправа општиот имиџ за државата;

4. Со членството во ЕУ Полска доби пристап до европските фондови за да ја подобри својата инфраструктурата (патишта, водоснабдување, депонии, итн.);

5. Како државјани на ЕУ можеме полесно да најдеме вработување во државите-членки, во некои од државите-членки дури и без никакви ограничувања;

6. Членувањето во ЕУ ја прави трговската размена поедноставна и полските компании го користат тоа;

7. По пристапувањето во членство во ЕУ се зголеми бројот на странски инвеститори што резултираше со креирањето на повеќе нови компании и отворањето на повеќе нови работни места.

Славек Мундри
(Slawek Mundry)
Полска





Најмногу ја ценам слободата на движење. Патуваш низ цела Европа. Работиш и одиш на одмор онаму каде што сакаш.

Како дипломиран политолог сметам дека само силна Европска унија може да биде играч на меѓународната сцена и да им парира на другите големи држави, како што се: Соединетите Американски Држави, Кина и Русија. Заедно, можеме да имаме повеќе пол- за, одошто сами.

**Јацек Неѓвиецки**
**(Jacek Niedźwiedzki)**
Полска



Литванија пристапи во членство во Европската унија на 1ви мај 2004 година и оттогаш државата забрзано се развива во сите сфери, политички, економски, социјално, културно. Луѓето започнаа да патуваат и работат и во другите држави-членки, а тоа придонесе за проширувањето на нивното разбирање, но истовремено придонесува и за ЕУ бидејќи сега има една држава-членка повеќе. Беа изградени голем број на нови градби, стигнаа нови странски инвестиции, беше добиена голема финансиска помош, а имаше и помош за земјоделците, образованието, малите бизниси итн. Повеќето литванци се среќни со нашето зачленување во Европската унија и сметаат дека тоа беше добра идеја.

Лично, како придобивка од членството на Литванија во Европската унија е учеството во ЕРАЗМУС програмата, преку која студирав една година во Италија, а еве сега сум во Македонија преку програмата за волонтери финансирана од Европската комисија. Покрај ова, значително го подобрив своето познавање на англискиот, францускиот и италијанскиот јазик, а научив и некои основни фрази од македонскиот. Одлично е да се чувствувате европеец и да имате голем број на меѓународни пријатели!

Индре Зданчиуте
(Indre Zdančiūtė)
Република Литванија

mk@eu



Естонија доби многу од пристапувањето во Европската унија. Најголемата придобивка е довербата во естонското стопанство која меѓународната заедница ја стекна. Знаете, исполнувањето на критериумите на Европската унија во добар дел е ознака за квалитетот кој вашата економија го покажува. Токму поради тоа на таквите економии може да им се верува.

Уверен сум дека најголемиот дел од реформите кои Европската унија ги побара од Естонија беа за наше добро. Естонските компании сега имаат пристап до еден од најголемите пазари, обичните луѓе можат да патуваат, да се образуваат и да живеат и работат во било која држава-членка.


**Таави Роивас**
**(Taavi Rõivas)**
Република Естонија



Да се биде член на Европската унија не е едноставно. Шведска мора да плаќа многу пари за да биде во ЕУ, но, швеѓаните можат да патуваат и да работат во сите држави на Унијата без никакви проблеми.

Дополнително, благодарение на Европската унија, сите држави соработуваат во области како што се: заштитата на животната средина, контрола на квалитетот на храната и обезбедување на мир во светот.

**Јени Јохана Карлсон**
**(Jenny Johanna Karlsson)**
**Кралство Шведска**



Главните придобивки од европското државјанство би можел да ги сумирам вака: повеќе нема граници и тоа го олеснува патувањето во државите-членки на ЕУ. Концептот на единствена валута ги елиминира про- блемите на размена на пари при патувањата во странство, а притоа дава и можност за споредбена анализа на цените. Отворањето на пазарите на трудот овозможува мобилизирање на работната сила помеѓу државите-членки, креирајќи ја цената на пазарот на трудот и поддржувајќи ги пазарите во развој со искусни професионалци.

**Питер Ретклиф**
**(Peter Ratcliffe)**
Обединето кралство на
Велика Британија и Северна Ирска

Европската унија ги зближува своите граѓани! Можеби не се чувствуваме како европејци кога сме дома, во своите држави, што од една страна е добро. Сите сме државјани на својата држава и горди сме на тоа. Но, од друга страна, чувствуваме дека припаѓаме на едно големо семејство, Европската унија, кое ни помага и не поддржува секогаш кога ни треба.

Никогаш не било толку едноставно да се биде европеец и да се живее во Европа како што е тоа сега. Државјаните на некои од државите, како Словенија на пример, сè уште мора да чекаат на работни или дозволи за престој за да живеат во другите држави-членки. Можеби од постарите држави-членки на нас гледаат со недоверба, но како што паѓаат границите, така паѓаат и границите во човечките умови.



Дали можете да замислите животот да биде толку едноставен и да можете да патувате низ Европа само со евра во џебот? Уживате на плажите на Шпанија или Грција. Потоа одите на скијање во Австрија или Италија. Продолжувате со шетање по улиците на Париз, или одите да гледате како танцуваат липицанерите во Липица и сè што ви треба е една единствена валута. Со само неколку евра ќе добиете шолја кафе, или некаков сок во било кое од овие места. Европа никогаш досега не била поблиску!

Да се биде член на Европската унија е можност и процес од кој не може да се побегне. Глобализацијата носи свои предизвици, а посилна Европа е одговорот.

**Марко Грден**
**(Marko Grden)**
**Република Словенија**

Да бидам дел од Европската унија за мене значи можност да се запознае европската реалност, да сѐ доживее се она што ме опкружува и да се разбере што значи да се биде европеец. Едноставно чуствувам како се подобрува мојот живот и како мојата држава доживеа огромен напредок само во последните 20 години повеќе одошто во текот на еден цел век пред тоа.

Благодарение на ЕУ го доживеав ЕРАЗМУС, научив други јазици, запознав други култури, луѓе... пораснав како личност и како граѓанин.

Европа ни ја обезбедува смиреноста на животот и ни покажува дека може да се живее во мир. Европа ме прави да се чуствувам побезбедна!!!

Кармен Бернардо Гарсија
(Carmen Bernardo García)
Кралство Шпанија





mk@eu

Се образував во Германија, работев во Белгија, а сега живеам и работам во Данска. Ова секако немаше да биде возможно ако не постоеше Европската унија. Да се креира и одржува дух на разбирање и пријателство меѓу луѓето и мир помеѓу народите – ова за мене отсекогаш беше суштината на постоењето на Европската унија.

**Кристин Федерлин**
**(Christine Federline)**
**Кралство Данска**

# mk@eu

Како обичен граѓанин, членството во Европската унија ми донесе огромен број на предности, иако некои беа и се уште се потешко видливи. Во Европската унија можам да патувам каде што сакам. Можам да живеам онаму каде што ќе ми се допадне и каде што ќе одберам да го сторам тоа. Ќе ми бидат признаени сите дипломи и стекнати звања.

Ќе заштедам на размената на валутите, а ќе имам и пристап до правдата и судска заштита на моите права ако некој ги повреди, или ме дискримира.

Даниел Корски
(Daniel Korski)
Обединетото Кралство на
Велика Британија
и Северна Ирска



mk@eu



Првата и највообичаена констатација за придобивките од постоењето и членувањето во Европската унија е слободното движење на стоки, лица, услуги, капитал и знаење, потоа единствената валута и достапноста на разни фондови кои ќе можат да придонесат за поуспешно спроведување на внатрешните реформи. Сепак најзначајната придобивка е фактот што сите домашни чинители, законодавната, извршната и судската власт се под постојан надзор на други 26 држави-членки кои го креираат она што се вика „европски стандард“.

проф. д-р Бојко Бучар
(prof. d-r Bojko Bučar)
Република Словенија

mk@en


Издавач:
Фондација Институт отворено општество – Македонија

За издавачот:
Владимир Милчин, извршен директор

Автори:
Македонски центар за европско образование

ISBN 978-608-218-023-6

Лектура:
АБАКУС

Ликовно-графичко обликување:
Бригада Дизајн

Печат:
Скенпоинт

Тираж: 2500 примероци


FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

MCET